**СПАЈДЕР-НЕТ увоз-извоз ДОО Гевгелија**

**ПРЕДМЕТ : Мислење и предлози по Предлог Законот за измени и дополнувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Во продолжение Ви ги доставуваме забелешките и предлозите по однос на текстот на Предлог законот:

***„Член 143“***

***Обврски на оператор кој реемитува програмски сервиси***

***(1) Оператор може да ги реемитува програмските сервиси на домашни радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерите ја имаат добиено дозволата за обезбедување на телевизиско или радио емитување и врз основа на регулирани авторски права и сродни права, согласно со Законот за авторските права и сродните права.***

***(2) Оператор може да реемитува програмски сервиси на радиодифузери од други држави согласно со членот 44 од овој закон и врз основа на регулирани авторски права и сродни права, согласно Законот за авторските права и сродните права.***

***(3) Доколку програмските сервиси што се реемитуваат преку јавните електронски комуникациски мрежи се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, мора да бидат титлувани на македонски јазик, освен телешопингот и рекламите.***

***(4) Оператор кој реемитува програмски сервиси треба да обезбеди програмскиот пакет задолжително и бесплатно да ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис кои се финансираат од буџет на РМ, освен оператор кој реемитува програмски сервиси преку дигитален терестријален мултиплекс.***

***(5) Оператор кој реемитува програмски сервиси треба да обезбеди програмскиот пакет во кој задолжително треба да ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис и задолжително да ги содржи програмските сервиси на домашните радиодифузери кои емитуваат телевизиски програмски сервис од општ формат на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс.***

***(6) Операторот кој реемитува програмски сервиси е должен во претплатничките договори што ги склучува со своите претплатници да го наведе програмскиот пакет, односно листата на програмските сервиси кои ги реемитува во моментот, а за кои е издадена потврдата за регистрација од страна на Агенцијата.***

***(7) Операторот кој реемитува програмски сервиси е должен да води посебно сметководство за активностите поврзани со реемитувањето на програмските сервиси.“***

СТАВОТ ( 5 ) ДА СЕ ИЗБРИШЕ

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ :

Со вака дефиниран став државата директно се меша врз воспоставување на деловни односи помеѓу два приватни субјекти Кабловските оператори и приватни Телевизии и тоа на штета на кабловските оператори .

Република Македонија е земја кандитат за членство во Европската унија а со самото тоа е потребно да ги следи европските регулативи.Вака дефинираниот став е токму спротивното.Тој се коси со Директивата на Европската унија за универзална услуга и кориснички права, Директивата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Директивата за електронски комуникации.

Токму за ваков случај односно за неимплементирајќи одредби од горeспоменатите Директивите, Европскиот суд на правдата по инсистирање на европската комисија ја има санкционирано државата Белгија со плаќање на надомест од 31 251.00 дневно , се до измената и усогласувањето со Директивите.

Поради заштита на интереси на 5 Национални комерцијални телевизии Македонија ќе биде приморана да плаќа огромни суми на народни пари.

Вака дефинираниот став е дискриминирачки кон кабловските оператори.

.

Друштво за производство, трговија и услуги СПАЈДЕР-НЕТ увоз-извоз ДОО Гевгелија